„Чувајте се од потценетите (наизглед мали) гревови

Сехл бин Сад, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Чувајте се од потценетите (наизглед мали) гревови, зашто нивниот пример е како група луѓе што застанале во средината на една долина, па секој донел по едно дрвце, додека не собрале доволно за да испечат леб. Навистина, малите гревови – кога човекот ќе биде казнет за нив – можат да го уништат.“

[صحيح] [رواه أحمد]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, предупредил на опасноста од потценување на малите гревови и лесното паѓање во нив – особено кога човекот постојано ги прави, бидејќи, кога ќе се намножат, можат да го уништат. Затоа дал пример со група луѓе кои се сместиле во средината (внатрешноста) на една долина – па секој донел по едно мало дрвце, сè додека не собрале доволно за да запалат оган и испечат леб. На сличен начин, малите гревови – ако човек биде казнет за нив, а не се покајал, ниту Аллах му ги простил – можат да го уништат.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66224